*ДИМИТАР ДИМЕСКИ*

# ШТРАЈКОТ НА ТУТУНСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПРИЛЕПСКИОТ МОНОПОЛ ВО 1938 ГОДИНА

Процесот на трансформацијата на југословенските УРСС-ови синдикати од реформистички во револуционерни, класни работнички синдикати започна во 1932 година благодарение на новата ориентација на КПЈ насочена кон инфилтрирање на комунистите во синдикалните редови.[1] Зад ваквата ориентација стои Црвената синдикална интернационала[2], секако по инструкција на Коминтерната.

Четвртата земска конференција на КПЈ (одржана во декември 1934 година) направи чекор натаму донесувајќи заклучоци за револуционерна работа во синдикатите.[3] Сплитскиот пленум на КПЈ (во јуни 1935 година), опфатен од народнофронтовското струење, се заложи „за проширување на политичката платформа"[4], а во тој контекст и за продлабочување на соработката и во синдикалната сфера.[5]

Седмиот, последен конгрес на Коминтерната (јули-август 1935 година) ја санкционира новата народнофронтовска ориентација.[6] Оттаму, во 1937 година дојде до згаснување на Црвената синдикална интернационала, што претставува евидентна концесија на реформистичкото раководство на Амстердамската синдикална интерационала, со основна цел да се обезбеди синдикално единство пред налетот на фашизмот.[7]

Во југословенски рамки, револуционизирањето на УРСС-овите синдикати е силно импулсирано со доаѓањето на Јосип Броз Тито

---

1 Преглед на историјата на Сојузот на комунистите на Југославија, Култура, Скопје, 1963, стр. 199; Историја Савеза комуниста Југославије, Комунист, Београд, 1985, стр. 121; cf. Босиљка Јањатовиќ, Прераснувањето на ОРССЈ-овите сојузи во Македонија од реформистички во комунистички синдикати, зборник „Основањето и развојот на КПЈ", Скопје, 1980, кн. I, стр. 244.

2 Миле Тодоровски, КПЈ и синдикалното движење во Македонија (1937—40 г.), зборник „Основање и развој на КПМ", Скопје, 1980, I, стр. 254.

3 Ferdo Čulinović, Jugoslavija između dva rata, Zagreb, 1961, II, str. 76. Историја Савеза комуниста Југославије, Београд, 1985, стр. 125—126.

4 Branko Petranović, Istorija Jugoslavije (1918—1978), Nolit, Beograd, 1981, str. 115.

5 Ibidem.

6 Cf. Историја Савеза комуниста Југославије, Београд, 1985, стр. 130—131.

7 Josip Cazi, Na političkoj liniji Komunističke partije Jugoslavije — URSSJ i rad komunista u njemu. 1935—40, Radničke novine, Zagreb, 1978, knj. 2, str. 404.

на чело на КПЈ. Тогашната Титова улога во синдикалната сфера проличува и од неговото париско писмо до Вилхелм Пик од 26 февруари 1938 година[8], а посебно од неговиот исцрпен московски извештај до Коминтерната од 3 септември 1938 година.[9] Оттаму, за разлика од реформистичкиот карактер на III Сараевски конгрес на УРСС-овите синдикати (1934), на IV Загрепски конгрес (17, 18 април 1938 година) не само што е спречен расцепот помеѓу левото (Лука Павичевиќ, Милорад Белиќ) и десното крило (Крекиќ) на социјалдемократското синдикално водство, туку, според Цази, „остварен е единствен пролетерски фронт", благодарение, првенствено, на суптилното делување на КПЈ.[10]

Новиот штрајкувачки бран на работничката класа, што во предвечерјето на IV конгрес на југословенските УРСС-ови синдикати го заплисна Кралството Југославија[11], не го одмина ни Прилеп. Тогаш датира знаменитиот штрајк на прилепските монополски работници во Тутунската станица, позната како Прилепски монопол.[12]

Несомнено, овој силен македонски штрајк се вбројува во редот на најкрупните југословенски работнички штрајкови на прагот на Втората светска војна.

Причините за штрајкот првенствено извираат од самиот капиталистички поредок. Меѓутоа, во случајов, класното е гарнирано и со национално угнетување, коешто ја олицетворува вкупната безмилосна експлоатација над прилепските монополски тутунски работници.

Непосредните причини за штрајкот се огледаат во неоправдано ниските надници[13], високите работни норми[14], драконската казнена политика[15], отсуството на основни хигиено-технички услови за работа[16], евидентните деформации при вработувањето, посебно на се-

8 Јосип Броз Тито, Собрани дела, Скопје, 1978, т. 4, стр. 29—31.

9 Ibidem, стр. 95—113.

10 Josip Cazi, op. cit. str. 126, 404, 407.

11 Така, меѓу другото, на 5 април 1938 година пламна 15-дневен штрајк на 1000 белградски кројачки работници. Види: Хронологија радничког покрета у Србији, књ. II (1919—41), Нолит, Београд, 1969, стр. 340. Cf. Четврти дан штрајка кројачких радника у Београду, Политика, г. XXXV/бр. 10729, Београд, 8 април 1938, 5.

12 Тоа име толку е одомаќено сред народот што се среќава и денес.

13 Ниските надници длабоко се врежани во сеќавањето на современиците. Така, Благоја Петрески-Бајганот истакнува дека работел за дневница од 7 динари, Стеван Стојаноски заработувал 8 динари (Миле Михајлов, Белешки од реконструкцијата на штрајкот на монополските работници во Прилеп од 4.IV 1938, Архив на ИНИ, Скопје, 1968, 11, 33), а Благоја Кормушоски-Чонта 11,5 динари (исказ на Благоја Кормушоски-Чоната снимен на магнетофонска лента на 17 август 1986 г., Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп). Просечната дневница, според Мице Солески, се движела од 8—12 динари (исказ на Мице Солески снимен на магнетофонска лента на 26.I 1988 г., Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп). „Во Монополот работеше најголемата сиромаштија... Таму ако работиш не можеш да се ожениш" — си спомнува Стеван Печијаре (Миле Михајлов, Белешки од реконструкцијата..., Архив на ИНИ, 1968, 21).

14 Cf. Благоја Јаничот, Монологот — жариште и стожер на работничкиот револуционерен покрет (реферат), ракопис, 5.

15 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972, 2, стр. 78. Главни креатори на казните, во колаборација со некои мајстори, беа шефовиите на одде-

зонската работна сила [17], своеволното отпуштање од работа[18], разните шиканирања и малтретирања проследени со повреда на човечкото достоинство, посебно на женската младина[19], и малолетниците[20], нискaта калоричност на исхраната во монополската менза[21] и сл.

Положбата на тутунските работници, особено на сезонските, кои го сочинуваа грото на вработените во Прилепскиот монопол[22], нагло се влоши во почетокот на 1937 година, кога, со самоволна одлука на шефот на Тутунската станица Момчило Ристиќ, драстично им беа смалени и онака ниските надници[23], без оглед на тогашната

---

ленијата (работилниците). Притоа, по својата суровост, посебно се истакна Стоил Димитриевиќ, по потекло Македонец од Кочанско, инаку Големосрбин, кого работниците со право го завикале „Стоил Половица" (исказ на Димче Јованоски-Дабовски снимен на магнетофонска лента на 21 август 1986 г., Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп).

Денунцијантската и колаборациона улога на некои мајстори, посебно на оние зачленети во ЈУГОРАС, беше евидентна при реализацијата на ригорозната казнена монополска политика. Така, на пример, Мице Солески во 1937 година беше казнет со три дневници и петдневна суспензија од работа, благодарение на денунцирањето на мајсторот Рампо Цимпирот. Колаборационализмот на ЈУГОРАС-овци станува уште повидлив по вмешувањето на Пане Шкодра (Чкодра), раководител на монополската подружница на ЈУГОРАС во споменатиот случај. Cf. Исказ на Мице Солески сним. на магн. лента на 26.I 1988 г., СЗБ — Прилеп.

За драстичноста на казните сведочи и фактот што за недозволено испушена цигара следувала не само парична казна, туку и отпуштање од работа, и, што е уште полошо, одземање на дозволата за садење тутун. Cf. Исказ на Боше Груески (М. Михајлов, Белешки..., 1968, 6).

16 Работилниците без основна вентилација беа вистински легла на туберкулоза. Види: Б. Јаничот, Монополот-жариште..., 4; Исказ на М. Солески снимен на магн. лента од 26.I 1988 г., Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп.

17 Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972, кн. 2, стр. 78; Сеќавања за далечната 1938 година од Александар Богданоски-Дрзман, Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп (ракопис). При вработувањето била присутна и уцена на лица од женски пол. Cf. Исказ на Мице Солески снимен на 26.I 1988 г., СЗБ — Прилеп.

18 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 78; Cf. Б. Јаничот, idem, 4.

19 Cf. Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988 г., СЗБ — Прилеп; Исказ на Д. Јованоски-Дабовски снимен на 21.VIII 1986 г., СЗБ — Прилеп. Стеван Стојаноски-Роскопот го посочува примерот на претепана девојка од мајсторот Круме Варошлија (М. Михајлов, idem, 36); Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 78.

20 Незаконски беа вработувани деца под 15 годишна возраст, особено од женски пол, обично од 12 години нагоре. Cf. Б. Јаничот, idem, 4. Б. Груески наведува случај на вработување на момче од 11 години (М. Михајлов, Белешки..., 9). Евидентно, степенот на експлоатацијата на малолетничкиот труд ги надминувал вообичаените рамки.

21 Cf. Б. Јаничот, Монополот — жариште и стожер на работничкиот револуционерен покрет во Прилеп (реферат), ракопис, 6.

22 Само 150—200 души, според Дабовски, беа постојано вработени (исказ на Д. Јованоски-Дабовски снимен на 21.VIII 1986 г., СЗБ — Прилеп). Меѓутоа, според Димче Боцески, во раните 30-ти години останувале само 50—60 постојани работници. Cf. Дополнително излагање на Димче Ридарецот, ракопис (кај Д. Ј. Дабовски).

23 Според „Радничке новине" надниците во Прилепската тутунска станица беа намалени за 30—40%, па изнесуваа од 5—15 динари дневница, а највисоките, за стручните работници, до 25 динари. Види: Раднички Југ, „Мало" из Прилепа, Радничке новине, бр. 6, Београд, 5.II 1937, 2.

конјуктура на тутунот на југословенскиот и светскиот пазар.[24] Од друга страна, растот на цените на виталните животни продукти[25] реално ја доведе смалената работничка заработувачка под егзистенцијалниот минимум.[26]

Ваквиот тренд на опаѓањето на животниот стандард на македонските и на дел од српските монополски тутунски работници доведе до одржување на Обласната конференција на Сојузот на монополските работници во рамките на УРСС-овите синдикати во февруари 1937 година во Куманово.[27]

Обласната конференција во својата резолуција од 14 февруари 1937 година, пред сè, остро го жигосува смалувањето на работничките надници.[28] Во резолуцијата, меѓу другото, од Управата на државните монополи во Белград се бара: минималните надници на сезонските работници да ги сообрази со основните животни потреби, да санкционира Правилник за платен систем за сите вработени (постојано и сезонски), да обезбеди целосна слобода на организирање на работниците во Сојузот на монополските работници, да гарантира правично, организирано вработување, со елиминација на каква и да е протекција и сл.[29] Меѓутоа, како и обично, и оваа резолуција остана мртва буква на хартија.

Новата сезона во 1938 година не донесе квалитетна промена. Напротив. Положбата на прилепските монополски тутунски работници не само што не се подобри, туку и се влоши поради перманентниот пораст на животните трошоци, што во услови на стагнантни надници водеше кон натамошно гибелно опаѓање на животниот стандард.[30] Оттаму, „ситуацијата за штрајк беше сосема зрела".[31]

Штрајкот на тутунските работници во Прилепскиот монопол пламна на 6 април 1938 година (среда).[32]

---

24 Ibidem.

25 Само цената на лебот пораснала за 35% (Раднички Југ. „Мало" из Прилепа..., 2).

26 Ibidem.

27 Реч монополаца са Југа, Радничке новине, бр. 10, Београд, 5.III 1937.

28 Работничките надници на тутунските работници во последните пет години опаднале за 40%. Така, просечните дневни надници за жените се движеле од 7—12 динари, а за мажите од 10—18 динари (Реч монополаца са Југа, Радничке новине, бр. 10, Београд, 5.III 1937).

29 Реч монополаца са Југа (Резолуција), Радничке новине, бр. 10, Београд, 5.III 1937.

30 „...Платите на работниците во Монополот беа секогаш најниски во споредба со заработувачката на другите работници во градот" (Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972, кн. 2, стр. 78).

31 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 77.

32 Аспарух Корубин, Штрајк на тутунските работници во Прилеп 1938 година, в. Трудбеник, 1 мај 1959, 6; Asparuh Korubinovski, Duvanski radnici Prilepa u štrajku. Zbornik » Četrdeset godina« (1935—41), I deo, 3, Kultura, Beograd, 1960, стр, 249. Според Мице Солески, штрајкот почнал во среда, што соодветствува на споменатото датирање на Аспарух Корубиноски — на 6 април 1938 година. Cf. Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988 г., СЗБ — Прилеп.

Сегашното датирање на штрајкот на 4 април 1938 година (Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972, кн. 2, стр. 78; Благоја Талески — Коце Солунски, Прилепска хроника, НОБ, Прилеп, 1982, стр. 35; Тутунски комбинат Прилеп, 1873—1973, фотомонографија) е неприфатливо од проста причина што 4 април паѓа во понеделник, а познато е дека претходниот ден, спроти штрајкот, во III работилница протестирале (cf. М. Михајлов, Белешки од реконструкци-

Поконкретни податоци за самиот штрајк се наоѓаат во два написи на Аспарух Корубиноски[33], во II книга од монографијата „Прилеп и Прилепско низ историјата"[34], како и во фотомонографијата на Тутунскиот комбинат публикувана во 1973 година.[35] Самиот штрајк периферно е допрен во периодиката[36] и архибската документација.[37] За разлика од тоа, постои релативно богата необјавена мемоарска граѓа. Тука, на прво место, доаѓаат „Белешките од реконструкцијата на штрајкот на монополските работници во Прилеп (1938 г.)" под редакција на Миле Михајлов.[38] Овде е поместен рефератот на Аспарух Корубиноски „Триесет години од големиот штрајк на монополските работници", како и исказите на Гиго Менкароски, Божидар Груевски, Благоја Петрески-Бајганот, Димче Јованоски-Дабовски, Стеван Печијаре, Петар Мацароски, Цане Симоноски, Стеван Стоја-

---

јата..., 1968 г.). Бидејќи 3 април паднал во недела, кога не се работело, невозможно е датирањето на штрајкот на 4 април. Оттаму, Д. Јованоски-Дабовски (исказ снимен на 21.VIII 1986 г.) и Александар Богданоски-Дрзман (Сеќавања за далечната 1938 год.) ја отфрлаат можноста штрајкот да почнал во понеделник.

Незгодата е во тоа што 4 април е прогласен за Ден на тутунските работници и како таков се прославува.

Штрајкот можел да почне најрано на 5 април (вторник), а најверојатно на 6 април (среда), како што посочуваат горенаведените современици (А. Корубин, М. Солески).

Вистински одговор на ова прашање може да даде само архивска документација. Зрак на надеж дава еден документ од 8 април 1938 година, депониран во фондот „Милан Стојадиновиќ" — во Архивот на Југославија, Белград (cf. Славка Фиданова, Улогата на КПЈ во поврзувањето борбата на работничката класа со националноослободителното движење на македонскиот народ од 1935—41 г., Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1971, т. 23, стр. 124, ф. 61; Проф. Славка Фиданова, КПЈ во Македонија во времето од 1929 г. до Априлската војна, зборник „Основањето и развојот на КПМ", Скопје, 1980, кн. I, стр. 125, ф. 88. Меѓутоа, авторката не ја регистрира датата на штрајкот). Во споменатиов документ најверојатно се крие одговорот на ова прашање. Во потрага по овој документ, на наше барање, беше д-р Климент Џамбазовски, но поради преуредување на фондот „Милан Стојадиновиќ" документот не е најден. Останува тоа да се стори во блиска иднина.

33 Аспарух Корубин, Штрајк на тутунските работници во Прилеп 1938 година, в. Трудбеник, 1 мај 1959, 6. Asparuh Korubinovski, Duvanski radnici Prilepa u štrajku zbornik »Četrdeset godina« (1935—41), I deo, 3, Kultura, Beograd, 1960, str. 249—251.

34 Прилеп и Прилепско низ историјата, Прилеп, 1972, кн. 2, стр. 77—80; **Благоја Талески — Коце Солунски, Прилепска хроника, НОБ, Прилеп, 1982,** стр. 34—37.

35 Тутунски комбинат Прилеп, 1873—1973 (фотомонографија).

36 Борба у Прилепу, Радничке новине, бр. 16, Београд, 15.IV 1938.

37 Г-ну д-р Милану Стојадиновићу, Претседнику Министарског савета и Министру иностраних послова, Београд — Краљевска банска управа Вардарске бановине. Пов. Каб. Бр. Службено, Скопље, 4 маја 1938 г., Архив на Југославија, Белград, ФОНД: Милан Стојадиновиќ. Ксерокс-копија од споменатиов документ, на наше барање, ни испрати д-р Климент Џамбазовски, поради што му изразуваме најтопла благодарност.

За жал, не располагаме и со документот од 8 април 1938 година поради оправдани причини. Cf. ф. 32.

38 Миле Михајлов, Белешки од реконструкцијата на штрајкот на монополските работници во Прилеп од 4.IV 1938 г., Архив на ИНИ, Скопје, 1968 г. Д-р Миле Михајлов ни укажа и ни ја стави на располагање споменатава реконструкција, поради што му изразуваме искрена благодарност.

носки (Роскопот), Блаже Јаничот и Паца Лјопа.[39] Покрај тоа, Димче Јованоски-Дабовски ни ги стави на располагање своето писмено сеќавање за штрајкот[40], како и исказите на Аспарух Корубиноски, Орде Кската, Тале Георгиоски, Миле Тошески, Димче Боцески, Стеван Русески, Киро Талески и Божо Коковиќ.[41] Овде ќе ги споменеме уште и партиската реконструкција на овој настан од 1956 година[42], трудот „Синдикалното движење во Прилеп од 1919—1941 г." (во ракопис)[43], како и рефератите на Благоја Јаничот[44], и Киро Пунтески.[45] Од најново време се магнетофонските искази на Димче Јованоски-Дабовски[46], Благоја Кормушоски-Чоната[47] и Мице Солески.[48] Останатата консултирана литература за оваа тема може да се проследи низ текстот.

Самата мемоарска граѓа, никната по голема временска дистанца, кога спомените бледнеат, и отсуството на позначајна архивска документација, евидентно ја усложнуваат истражувачката работа. Оттаму, каква и да е научна реконструкција на штрајкот не ќе биде имуна на слабости. Важно е што пообјективно определување на вистинските димензии на овој значаен настан од нашата понова историја.

На штрајкот му претходеше неколкугодишна револуционерна едукативна дејност на прогресивните синдикални активисти, главно

---

39 М. Михајлов, Белешки од реконструкцијата на штрајкот на монополските работници во Прилеп од 4.IV 1938 г., Архив на ИНИ, Скопје, 1968, 45 + 9 (ракопис).

40 Сеќавања на Димче Јованоски-Дабовски за штрајкот на монополските работници од 1938 година, Прилеп, 26 март 1979 г. (ракопис).

41 Разговорите со споменативе личности ги водел и нивните искази писмено ги регистрирал Д. Јованоски-Дабовски во текот на 1968, 1969 и 1976 година. Така, исказот на Киро Талески датира од 9.XII 1968; на Стеван Русески-Стив од 12.III 1969; на Аспарух Корубиноски од 14.III 1969; исказите на Орде Кската, Тале Георгиески и Миле Тошески од 20.III 1969; Димче Боцески од 11.IV 1969, а исказот на Божо Коковиќ е регистриран во Нишка Бања на 20.VIII 1976 година. Споменативе искази, како и своите сеќавања, Димче Јованоски-Дабовски несебично нѝ ги стави на располагање, поради што му должиме најтопла благодарност.

42 Стенографски белешки од состанокот на учениците во Народната револуција од бившата Прилепска околија, одржан на 1, 2 и 3.XI 1956 година во Прилеп. Скопје, 25.XII 1956 г., Архив на ИНИ, Скопје.

43 Стеван Стојаноски-Роскопот, Димче Јованоски-Дабовски, Димче Димески-Екија, Синдикалното движење во Прилеп од 1919—41 г., Општински совет на Сојузот на синдикатите на Југославија — Прилеп, бр. 07-57/1, 5.III 1970 (ракопис).

44 Благоја Јаничот, Монополот — жариште и стожер на работничкиот револуционерен покрет во Прилеп (реферат), ракопис.

45 Киро Пунтески, На штрајкачите од Тутунскиот монопол им се придружија и чаршиски работници (реферат), ракопис. Благоја Јаничот и Киро Пунтески нѝ ги ставија на располагање споменатите реферати, поради што им изразуваме срдечна благодарност.

46 Исказ на Димче Јованоски-Дабовски снимен на магнетофонска лента на 21. VIII 1986 г., Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп.

47 Исказ на Благоја Кормушоски-Чоната снимен на магнетофонска лента на 17.VIII 1986, Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп.

48 Исказ на Михајло (Мице) Солески снимен на 26.I 1988 год., Мемоарско одделение, Општински одбор на СЗБ — Прилеп.

членови и симпатизери на КПЈ и СКОЈ.[49] Нивната активност, несомнено, доведе до силно револуционизирање на прилепскиот монополски пролетаријат.[50] За тоа, бездруго, придонесе и повеќегодишната синдикална традиција, обвиена со ореолот на првиот успешен штрајк на прилепските монополски работници во 1923 година, со што ја инспирираше новата, попрогресивна генерација млади прилепски монополски тутунски работници да преземе сличен чекор за извојување на своите основни работнички права.[51]

Непосредниот повод за штрајкот е мошне прозаичен. Управата на Монополот, со цел да ја отклони надвиената опасност од дигање на штрајк, донесува решение, кое личеше на соломонско, со скромна сума пари да ги смири духовите. За зголемување на надниците беа наменети од 50—90 динари за секоја работилница (одделение).[52] Бидејќи со овие симболични суми не можеа да се зголемат надниците на сите вработени, на шефовите на работилниците им беа оставени одврзани раце да ги распределат средствата на поединци, по свое лично наоѓање. Оттаму, конспиративно, на поединци, пред сè на синдикалните активисти и поистакнати работници, им беше навестено зголемување на надниците за 1—6 динари.[53] Всушност, станува збор за обид за класично класно поткупување. Со примена на латинската максима DIVIDE ET IMPERA евидентно се целеше да се создаде подвојување сред работничките редови, а со тоа да се разбие хомогениот работнички фронт. Секако, тоа беше насочено кон уривање на угледот на УРСС-овото синдикално раководство, а, адекватно на тоа, и кон зајакнување на ЈУГОРАС-овите позиции.

---

49 Таа активност најдобро се одвиваше преку воспитните групи, преку културно-уметничките манифестации и приредби, преку разните вечеринки, матинеа, излети и сл., кога доаѓаше до дружба и сплотување на работничката со прогресивната средношколска и студентска младина. Со монополски воспитни групи, меѓу другите, раководеа и Д. Јованоски-Дабовски (М. Михајлов, idem, 14—15), М. Солески, (исказ снимена на 26.I 1988 г., СЗБ — Прилеп), Гиго Менкароски (М. Михајлов, idem, 1—2) и сл. „Секој астал претставуваше напредна просветна група" — истакнува Б. Јаничот (М. Михајлов, idem, 39).

УРСС-овите синдикати беа главни носители на културно-забавниот живот, пред сè преку КУД „Коста Абрашевиќ", Трезвената ложа, Есперантското друштво, Музичко-пејачкото монополско друштво и сл., кои беа вистински сејачи на прогресивни идеи.

50 Првомајското виорење на црвено знаме на Маркови Кули (1936) најдобро сведочи за силното револуционизирање на прилепската младина. Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 65. Во тој поглед посебно се експонира монополската младина. Така, Благоја Петрески-Бајганот си спомнува: „1936—37 година, пред штрајкот, Томе Каче, Мице Соле и јас направивме срп и чекан, ги закачивме на трета и шеста работилница. Во тој момент, кога дојде полицијата и блокира сè..., напишавме петокраки со црвено и ги окачивме на сите одделенија" (М. Михајлов, Белешки..., 11). Не остана подолу ни женската младина. Така, според мајсторот Димче Боцески, четвртата работилница составена од работнички, непосредно пред штрајкот била украсена со „разни пароли од економски и политички карактер" (исказ на Д. Боцески, 6, ракопис).

51 Cf. Благој Јанески-Јаничот, Монополот — жариште и стожер на работничкиот револуционерен покрет во Прилеп (реферат), ракопис, 4.

52 Исказ на Божидар Груевски (М. Михајлов, idem, 7).

53 Ibidem.

Постојат индиции дека во оваа иницијатива на Управата на Монополот би можеле да бидат замешани прстите на провладиниот ЈУГОРАС, Така, познато е дека „кнежевиот курир“[54], министерот за социјална политика и народно здравје во Стојадиновиќевата влада, познатиот втемелувач на провладиниот синдикат ЈУГОРАС,[55] Драгиша Цветковиќ престојуваше во Скопје на 3 и 4 април 1938 година.[56] Во неделата, на 3 април, тој ја отвори клиничката зграда на Скопската државна болница, а на 4 април ја посети Работничката комора, која од 1937 година се наоѓаше во рацете на ЈУГОРАС.[57] Тогаш, во просториите на Бановината, министерот Цветковиќ одржа, меѓу другото, и конференција со претставници на ЈУГОРАС.[58] Оттаму останува отворено прашањето дали споменатата иницијатива на Управата на Прилепскиот монопол, покрената на 5 април, е базирана врз евентуалниот интерен договор помеѓу Инспекторатот на државните монополи и Одборот на ЈУГОРАС за време на посетата на министерот Цветковиќ во Скопје. Таква можност постои, но засега е обвиена под превез на енигмата.

Гледиштето дека ЈУГОРАС, со знаење и благослов на Управата на Монополот, имал намера да импровизира штрајк, по што ќе дошло до зголемување на надниците, а сè со цел да се зголеми угледот на ЈУГОРАС во работничките очи, се чини неуверливо.[59]

ЈУГОРАС ниту можеше, ниту смееше да се игра со оган.[60] Ваква иницијатива, во таква наелектризирана атмосфера, би ги ослободила скриените револуционерни работнички импулси, кои би излегле надвор од секаква ЈУГОРАС-ова контрола. Од друга страна, едногодишното постоење на ЈУГОРАС-овата експозитура[61] ја покажа нејзината колаборационистичка природа, изразена преку цврстото поврзување со Управата на Прилепскиот монопол, поради што не можеше никого да заведе.[62] И најпосле, самиот штрајк најдобро покажа дека ЈУГОРАС ниту мислел да ги заштитува работниците, а камоли да покренува таква акција. Напротив.

---

54 Branko Petranović, op. cit., str. 144.

55 Драгиша Цветковиќ, заедно со д-р Миха Крек, во март 1936 година го основа ЈУГОРАС. Cf. Josip Cazi, op. cit., str. 134, 186.

56 Освећење болничке зграде у Скопљу, в. Политика, г. XXXV/бр. 10725, Београд, 4 април 1938, 7; Министар г. Цветковић напустио Скопље, в. Политика, г. XXXV/бр. 10726, Београд, 5.IV 1938, 4.

57 Cf. Синдикатите, Москва, 3 септември 1938 г., Јосип Броз Тито, Собрани дела, Скопје, 1978, т. 4, стр. 100; Министар Цветковић у Скопљу, в. Правда, г. XXXIV/12021, Београд, 5 април 1938, 3.

58 Манастир Цветковић у Скопљу, в. Правда, г. XXXIV/12022, Београд, 6 април 1938, 3.

59 За споменатото гледиште види: Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 77. Cf. Б. Талески — К. Солунски, Прилепска хроника, НОБ, стр. 34—35.

60 Cf. Ѓ. Јаничот, Монополот — жариште . . ., (ракопис), 7.

61 Подружницата на ЈУГОРАС во Прилеп е формирана во почетокот на 1937 година. Види: Раднички југ. „Мало“ из Прилепа, Радничке новине, бр. 6, Београд, 5.II 1937, 2.

62 Cf. ф. 15.

Меѓутоа, ова не ја исклучува можноста од постоење на гласина за таква намера на ЈУГОРАС.[63] Во тој случај, таа фама најрационално ја искористиле порадикалните УРСС-ови синдикални активисти за кревање на штрајкот.[64]

Увертирата на штрајкот почна во III работилница, ден пред почетокот на штрајкот[65], во попладневните вторнички часови[66] на 5 април 1938 година. Тогаш, всушност, поистакнатите работници од оваа работилница први дознаа за акцијата за сепаратно зголемување на надниците за 1—6 динари. За тоа ги извести шефот на III работилница Далматинецот Бабац.[67] Така, на пример, на Боше Груевски му беше навестено зголемување на надницата за 6 динари.[68] Слично зголемување му беше ветено и на Борка Левата, како и на некои поистакнати работници и синдикални активисти.[69] Меѓутоа, грото вработени од III работилница остана без покачена надница. Свесните УРСС-ови синдикални активисти ја проѕреа намерата на монополската Управа. Тие ја обелоденија и отфрлија ваквата заткулисна маневра, поставувајќи го отворено прашањето за општо процентуално зголемување на надниците на сите вработени. Одбивањето на Божо Коковиќ, заменик шеф на Тутунската станица, кој тогаш го заменуваше болниот шеф Момчило Ристиќ[70], да им излезе во пресрет на оправданото барање на вработените од Третата, „црвена" работилница[71], доведе до нивни мирен протест со останување на работните места по завршувањето на работното време.[72] Тоа нивно прекипување на трпениото, всушност, и го навести штрајкот.[73] При-

---

63 Постои верзија дека во Монополот непосредно пред штрајкот дошол од Скопје инспекторот Вукичевиќ, при што стапил во контакт со Рампо Цимпирот, познат протагонист на ЈУГОРАС, со цел да се преземат чекори за подигнување на ЈУГОРАС-овиот авторитет со провоцирање на штрајк (исказ на А. Корубиноски од 14.III 1969 г., ракопис кај Д. Јованоски-Дабовски). Се разбира дека ваква посета е можна, но во тој случај нејзината намера е погрешно протолкувана. Ако таква посета е остварена, тогаш таа целосно се вклопува во гореизнесеното наше гледиште.

Постоела и друга гласина, дека ЈУГОРАС брзал да се спогоди со Управата на Монополот за зголемување на надниците и на таков начин да си го подигне авторитетот (исказ на Д. Јованоски-Дабовски снимен на магн. лента од 21.VIII 1986, СЗБ — Прилеп).

64 Една ваква гласина во нивни раце би ги урнала и „аргументите" на еден Ордан Костоски-Дебеломесо, би го притеснила и принудила да се согласи на штрајк.

65 Искази на Б. Груески, Стеван Печијаре, Благоја Петрески-Бајганот, Стеван Стојаноски-Роскопот, Паца Љопа (М. Михајлов, Белешки од реконструкцијата..., ракопис); Сеќавања на Д. Јованоски Дабовски за штрајкот, 1979 (ракопис), 5; Б. Јаничот, Монополот — стожер..., 6—7.

66 Исказ на Мице Солески снимен на магн. лента на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп.

67 Cf. исказ на Б. Груески (М. Михајлов, idem, 7).

68 Ibidem.

69 Idem.

70 Cf. Исказ на Божо Коковиќ од 20.VIII 1976 г.

71 Б. Јаничот, Монополот... (ракопис), 6.

72 Ibidem.

73 Според сеќавањата на современиците.

тоа, главна улога одигра Борка Левата.[74] Очигледно, тогаш падна и решението за стапување во штрајк.[75]

Првата искра, што ја иницираат грст синдикални активисти во Третата работилница, ги распламти духовите на монополските работници. Првите работни часови на 6 април 1938 година во Монополот поминаа во знакот на трескавично исчекување. За тоа придонесе веста на УРСС-овата синдикална подружница[76] за прекин на работата по првата пауза — што молскавично проструи низ сите работилници,[77] благодарение на бројните активисти.[78] Нереални беа натамошните напори на Монополската управа, преку конспиративно соопштување на поединци од останатите работилници за зголемени надници,[79] да ја неутрализира напнатата ситуација, а воедно, залудни беа и ветувањата на ЈУГОРАС-овци за скорешно општо покачување на надниците.[80] Очигледно, станувате збор за погрешна проценка на револуционерната клима во Монополот.

Алармантното биење на ѕвоното[81] при завршувањето на првата, утринската пауза во 9 ч. и 15' беше сигнал за почнување на штрајкот.[82]

---

74 Idem.

75 Впрочем, за тоа говорат и следниве сведоштва:

„Пред штрајкот Борка (Левата, н.б.) ми вели: 'Се припрема. Ќе појдиш во II работилница кај твоите верни другари. Ќе им кажеш-ко'(га) ќе чукне ѕвоното утре никој да не влегува'" (исказ на Мице Солески, снимен на магн. лента од 26.I 1988, СЗБ — Прилеп).

„Борка (Левата, н.б.) мене ми кажа: 'Работата е ваква, ти гледај нешто организирај!'" — се сеќава Петар Маџароски (М. Михајлов, idem, 21).

„Другарите се договорија утре во 9h и 15', време за доручек, нема да се враќаме на работа" — си спомнува Паца Лјопа (М. Михајлов, idem, 42).

Благоја Кормушоски-Чоната добил инструкција од Б. Левата вечерта спроти штрајкот да испита „како реагира градот" по протестот во Третата работилница (исказ на Б. Кормушоски-Чоната снимен на магн. лента на 17.VIII 1986, СЗБ — Прилеп).

76 М. Михајлов, Белешки од реконструкцијата..., Архив на ИНИ, Скопје, 1968.

77 Според Б. Јаничот, постоеле 4 големи работилници (Б. Јаничот, Монополот..., 5), а според Дабовски биле 6 работилници (Сеќавања на Дабовски за штрајкот, од 26.III 1979, 4).

78 А. Корубин, Триесет години од големиот штрајк... (реферат), М. Михајлов, idem, 1. Дури и мајсторите дознале за тоа. „За бргу време се собравме скоро сите мајстори во мензата и сите се сложивме дека ние мајсторите треба да бидеме солидарни со работниците..." — се сеќава Димче Боцески (исказ на Д. Боцески од 11.IV 1969, 6, ракопис).

79 Така, на Петар Маџароски интерно му соопштиле дека му ја зголемиле надницата за два динари. „Поминале низ одделение и на нас тројца ни дале по 2 динари покачување" — си спомнува тој (М. Михајлов, idem, 22).

80 „Ќе се даде повишица, нема да останете вака, смирете се!" (М. Михајлов, idem, 25).

81 „Ѕвоното за штрајкот го удри Пецо Талески-Ципунот" — се сеќава Киро Талески (исказ од 9.XII 1968 г.); истото го тврди и Б. Јаничот (М. Михајлов, idem, 40).

Меѓутоа, според Дабовски, ѕвонел Боше Стефаноски (исказ на Дабовски снимен на магн. лента од 21.VIII 1986 г., СЗБ — Прилеп).

82 Тоа е констатација на речиси сите современици.

Грамадното мнозинство од вработените што го сочинуваа околу 1600 работници[83] не се врати на своите работни места.[84] Притоа, попрогресивните мајстори се солидаризираа со штрајкувачите.[85] Само дел од постојано вработените, пред сè ферментаторите од турска народност,[86] ЈУГОРАС-овците[87] и дел од закоравените мајстори,[88] се упатија кон работилниците. Меѓутоа, опструкцијата на останатите повторно ги повлече надвор.[89] Тогаш на сцена стапи Божо Коковиќ, заменикот шеф на Тутунската станица. Тој од скалите на Камениот магацин[90] извика: „Побргу радници, шта (х)оћете? 'Ајт на посао! Ја Вам ништа не могу помоћи с обзиром да замењујем шефа Дуванске станице инж. Момчила Ристића!"[91] Тоа ја разбранува масата. Одекнаа извици: „Бараме зголемување; бараме слобода во работата, бараме леб; бараме подобри услови за работа; бараме укинување на казните" и сл.[92] Тогаш Коковиќ побара да преговара со една делегација на работниците.[93] Делегацијата,[94] предводена од Борка Велески Левата, ги постави следниве услови за продолжување на работата: „Прво, зголемување на надниците на сите работници за 20%, второ, укинување режимот на казните, и, трето, подобрување условите за работа".[95] Барањата не беа прифатени, па преговорите беа прекинати.[96] Тогаш Коковиќ телефонски ги извести за настанот централната Управа на државните монополи во Белград, Инспекторатот во Скопје и властите во Прилеп со молба да испратат полициски сили во Тутунската станица.[97] Воедно побара инспекторот Трајковиќ од Скопје, кој се затекна во гостинската просторија на шефот на Монополот, да се појави пред работниците за да

---

83 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 78. Оваа бројка ја истакнуваат речиси сите современици. Меѓутоа, според Мице Солески, во Монополот тогаш работеле помеѓу 600—800 работници (исказ на М. Солески снимен на магн. лента од 26.I 1988), а според Стеван Стојаноски-Роскопот околу 1000 работници (М. Михајлов, idem, 33).

84 Тоа е констатација на сите современици.

85 Cf. Исказ на Д. Боцески од 11.IV 1969, ракопис, 6.

86 Cf. Исказ на М. Солески снимен на магн. лента од 21.I 1988 г., СЗБ — Прилеп.

87 А. Корубин, Штрајк на тутунските работници во Прилеп 1938 г., во Трудбеник, 1 мај 1959, 6.

88 Cf. Сеќавање на Стеван Печијаре (М. Михајлов, idem, 19).

89 Тоа е сосем нормална психичка реакција.

90 Cf. Исказ на М. Солески снимен на магн. лента на 26.I 1988 г., СЗБ — Прилеп. Според Б. Корумшоски-Чоната, Божо Коковиќ бил висок (двометраш). Застанал „(ка)ко бандера на скали" (исказ од 17.VIII 1986 г., снимен на магн. лента, СЗБ — Прилеп).

91 Исказ на Божо Коковиќ од 20VIII 1976, Нишка бања, ракопис (кај Дабовски).

92 Cf. М. Михајлов, idem, 43; Исказ на Дабовски снимен на 17.VIII 1986; Исказ на М. Солески, снимен на 26.I 1988 г., СЗБ — Прилеп.

93 Исказ на Д. Боцески од 11.IV 1969. Исказ на Дабовски снимен на 17.VIII 1986 г., СЗБ — Прилеп.

94 Меѓутоа, во монографијата Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 78, станува збор за Штрајкачки одбор.

95 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 78.

96 Ibidem.

97 А. Корубин, Штрајк..., в. Трудбеник од 1 мај 1959, 9; Исказ на Б. Коковиќ од 20.VIII 1976 г.

ги смири.[98] Меѓутоа, Трајковиќ категорички одби да се појави пред штрајкувачите и набргу потоа тајно замина за Битола.[99]

Во меѓувреме, во дворот на Монополот пристигна силен кордон од полиција и жандармеријата, предводен од полицискиот писар Матиќ.[100]

Пред да се даде знак за полициска интервенција, по кратка консултација со Коковиќ, на скалите се искачи Пане Шкодра, претседател на ЈУГОРАС-овата монополска подружница[101], при што се обиде да ги смири духовите. Неговиот краток говор почна со празни ветувања, а заврши со отворена закана до сите оние што нема да се вратат на работа — дека ќе бидат внесени во Црната книга и како такви никогаш повеќе нема да се вработат во Монополот.[102] Притоа, Шкодра беше исвиркан.[103] Неговата реч дефинитивно ја демаскира капитулантската улога на ЈУГОРАС.[104] Меѓутоа, заканата на Шкодра влијаеше некои колебливи работници да се упатат кон работилниците. Тогаш настапија жените со зборовите: „Не ви е срам! Да ви ги дадеме ф'станиве, Вие не сте мажи![105] Храброста на жените, проследена со нивната перфидна иронија, делуваше силно. Така, повеќето се сепнаа и се вратија кај своите другари. Само мал број влезе во работилниците.[106]

Речта на Шкодра и неговото бучно исвиркување го означи крајот на тактизирањето на Монополската управа. Беше даден знак за полициска интервенција. Тогаш, од многу грла,како гром од ведро небо, екна „Боже правде", химната на Кралството Југославија. Жандарите и полицијата се стаписаа и застанаа во став мирно.[107] Веднаш потоа се обидоа со сила да ја втераат масата работници во работилниците..[108] Повторно одекна химната и пак застанаа во став мирно. Но тоа не траеше долго. Заиграа кундаците. Натаму, ни химната не помагаше.[109] Работниците и работничките се распрснаа низ монополскиот двор.[110] Тогаш уследија и првите апсења.[111] Некаде околу пладнето[112] маса од 1.600 штрајкувачи,[113] пробивајќи го поли-

---

98 Изказ на Б. Коковиќ ..., 2.

99 Ibidem.

100 Ibid.

101 Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп.

102 Cf. А. Корубин, Штрајкот..., в. Трудбеник, 6.

103 Cf. Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988 г.

104 Натаму веќе никаква демагогија не можеше да го подигне угледот на ЈУГОРАС во работничките очи.

105 Cf. М. Михајлов, idem, 20, 22, 26.

106 Asparuh Korubinovski, Duvanski radnici Prilepa u štrajku, zbornik »40 godina«, Beograd, 1960, str. 250.

107 М. Михајлов, idem, 20, 27; Исказ на Б. Кормушоски-Чоната снимен на 17.VIII 1986, СЗБ — Прилеп; Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп. Cf. Исказ на Б. Коковиќ од 20.VIII 1976 г.

108 Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп.

109 Ibidem.

110 Сеќавања на П. Љопа (М. Михајлов, idem, 43, 44).

111 Исказ на М. Коковиќ од 20.VIII 1976 г.

112 Според сеќавањето на повеќето современици.

113 А. Корубин, Штрајкот..., в. Трудбеник, 1.V 1959, 6; Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 78; Б. Талески — К. Солунски, op. cit., стр. 35; Миле Тодоровски, Работничкото и синдикалното движење во Македонија во

цискиот кордон, го напушти монополскиот двор низ главната порта, излезе на Пашиќева (денес: Марксова) улица[114] и во колона се упати кон центарот на градот.[115] Притоа, покрај споменатите пароли од економска природа[116], беа исфрлени пароли и од политичка природа, „Долу тиранијата! Да живее работничката класа! Да живее Народниот фронт!" и сл.[117] Првиот покрупен судир меѓу масата штрајкувачи-демонстранти и полицијата се одигра кај мостот Кемерлија.[118] Тоа не ги поколеба штрајкувачите. Наскоро се најдоа во центарот на градот. Тогаш кон штрајкувачите се приклучија првенствено занаетчиските работници, најмногу калфи и чираци,[119] искажувајќи ја со тоа на најдобар можен начин својата солидарност со своите монополски другари.[120] Низ пазарот и кејот на Оревоечка река колоната се упати кон седиштето на ММО на УРСС-овите синдикати на Старо Корзо,[121] каде беше сместена и Управата на КУД „Коста Абрашевиќ".[122] Таму мајсторот на „Фото-зрак" Василе Десоски ја сними познатата историска фотографија.[123] Пред да се разотидат дома штрајкувачите се договорија повторно да се соберат во вечерните часови за да добијат нови инструкции за натамошното одвивање на штрајкот.[124] Разделувањето на штрајкувачите го искористи полицијата за нови апсења на синдикални активисти, меѓу кои се најде и Ордан Костоски — Дебеломесо, тогашен претседател на ММО на УРСС-овите синдикати.[125]

Вечерта, во просториите на ММО беше избран Штрајкувачки одбор, чија моторна снага стана Борка Левата.[126] Притоа Штрајкувачкиот одбор реши:

---

периодот на губењето независноста на Чехословачка, зб. Минхенскиот договор и југословенските и чехословачките народи, ИНИ, Скопје, 1980, стр. 196.

Но, според Вера Ацева, учествувале 1.500 луѓе. Види: Вера Ацева, Партиската организација во подготовките и организирањето на вооруженото востание во Прилеп 1941 година, зб. Прилеп и Прилепско во НОВ 1941, Скопје, 1976, стр. 19. Cf. ф. 83. Меѓутоа, според Јосип Цази, во 1938 година во Македонија се случиле 7 штрајкови во 33 претпријатија со вкупно 1.658 штрајкувачи. Од нив 4 успеале, а три пропаднале (J. Cazi, op. cit., стр. 203). Евидентно, овде бројката на штрајкувачите не соодветствува на вистината.

114 Исказ на М. Солески снимена на 26.I 1988 г. и др. современици.

115 Ibidem.

116 Cf. ф. 92.

117 Исказ на Д. Боцески од 11.IV 1969, 6.

118 А. Корубин, Штрајкот..., в. Трудбеник, 6.

119 Cf. К. Пунтески, На штрајкачите од тутунскиот монопол им се придружија и чаршиски работници (ракопис).

120 Така, меѓу другите, „шнајдерите и берберите ги затворија дуќаните и излегоа со нас заедно" — се сеќава Цане Симоноски (М. Михајлов, idem, 23).

121 Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп.

122 А. Корубин, Штрајкот..., в. Трудбеник, 6.

123 Според усното кажување на Василе Десоски. Тоа го потврдуваат современиците. Cf. М. Михајлов, idem, 25.

124 Исказ на Стеван Русески-Стив од 12.III 1969, ракопис (кај Д. Ј. Дабовски).

125 Ibidem, 2.

126 Современиците ни презентираат разни состави на Управата на монополската УРСС-ова подружница и на Штрајкувачкиот одбор. Ние не можевме, поради недостиг на документација, да се определиме за ниеден од нив. Само едно е сигурно дека Борка Велески-Левата бил водечка личност на штрајкот.

„1. Веднаш да се извести Централата на монополските работници на Југославија дека работниците во Монополот стапија во штрајк. Од Централата да се побара да испрати делегат, кој ќе помогне во преговорите со Управата. Да се побара материјална помош за штрајкувачите;

2. Да се формира Одбор за собирање помош за штрајкувачите во градот;

3. Да се испрати апел до другите синдикални подружници во градот да ги помогнат штрајкувачите морално и материјално;

4. Веднаш да им се додели материјална помош на бедните работници-штрајкувачи;

5. Да се формираат 15 групи од по три члена физички силни работници, кои ќе држат работнички стражи и не ќе им дозволат на штрајкбрехерите да влегуваат во Монополот; и

6. Да се соберат штрајкувачите пред Домот на синдикатите и отаде да отидат кај пратеникот и да побараат да интервенира кај полицијата да ги пушти притворените педесетмина работници-штрајкувачи".[127]

Вториот ден на штрајкот започна со акцијата на групите за пресметка со штрајкбрехерите. Најважните групи беа сконцентрирани околу Монополот за да го оневозможат пристапот на штрајкбрехерите во Монополот. Така, една таква тројка ја сочинуваа: Киро Бајрамче, Пере Темелкоски и Киро Пунтески.[128] Покрај споменатите тројки беа ангажирани и поединци во разни сектори на градот за да ги одвраќаат колебливците од заминување на работа. Така, на пример, Благоја Кормушоски-Чоната стражареше крај фурната на Тодор Шатор (во близина на денешниот Народен театар „Војдан Чернодрински") со цел да ги пресретнува и враќа дома монополските работници од Ридот.[129] Не изостанаа ни физички пресметки со цел да се заплашат чиновниците на Монополот и штрајкбрехерите. Така, познато е дека меѓу другите беше физички нападнат и претепан омразениот шеф на Првата работилница — Стоил Димитриевиќ.[130] Слична судбина ги снајде и неколкумина ЈУГОРАС-овци.[131] Не изостанаа ни други форми на притисок врз штрајкбрехерите, како што беше кршењето на прозорците на нивните куќи и сл.[132]

Влегувањето во Монополот беше можно само со жандармериска придружба, иако ни таа не гарантираше целосна заштита од повреди.[133] На таков начин во Монополот влегоа чиновниците и штрајкбрехерите, кои ги сочинуваа, главно, дел од постојано вработените лица,[134] првенствено, ферментаторите од турска народност.[135]

---

127 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 78—79. Cf. Исказ на Стеван Русески од 12.III 1969, 2.

128 К.. Пунтески, idem, 2—3.

129 Исказ на Б. Кормушоски-Чоната снимен на 17.VIII 1986, СЗБ — Прилеп.

130 Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп.

131 Ibidem.

132 „Мене ми дадоа наредба да му ги кршам џамовите на Методија Шеќера. Тој ми е прв братучед, од две сестри деца" — си спомнува Б. Кормушоски-Чоната (исказ од 17.VIII 1986 г. снимен на магн. лента, СЗБ — Прилеп).

133 К. Пунтески, idem, 2.

134 Според сеќавањата на современиците.

135 Cf. ф. 86.

Нешто подоцна, поголема група штрајкувачи[136] се упати кон домот на пратеникот Јован Шајкаревиќ.[137] Обидот на неговите домашни да го прикријат не успеа.[138] Група жени, предводена од Пелагија Георгиева, влезе во куќата, го пронајде Шајкаревиќа сокриен во шифонер и насилно го извлече надвор.[139] Повикувајќи се на своето бирачко право[140] штрајкувачите побараа од Шајкаревиќа да интервенира кај околискиот началник за пуштање на незаконски затворените монополски работници. Притоа, штрајкувачите, чија бројка патем се зголемуваше,[141] го понесоа на раце Шајкаревиќа во Околиското началство.[142] Патем скандираа против бруталната интервенција на полицијата и жандармеријата, против непочитувањето на правата на работниците и сл.[143] Така, пред околискиот началник се најде пратеникот Јован Шајкаревиќ во придружба на десетчлена работничка делегација.[144] Уследи изнудената интервенција на пратеникот, поради што околискиот началник беше принуден да издаде наредба за ослободување на притворените активисти.[145] Така се најде на слобода и Ордан Костоски-Дебеломесо.[146]

Акцијата на тројките против штрајкбрехерите и ослободувањето на притворените им влеа силна самодоверба на штрајкувачите во сопствените сили.

Во меѓувреме, полицијата известена за доаѓање на делегат од Централата на УРСС-овите синдикати, ја блокира железничката станица,[147] со цел да ја оневозможи неговата средба со штрајкувачите.[148] Кога пристигна делегатот Мустафа Турк од Ниш[149] со полициска кола насилно беше спроведен во Околиското началство. За тоа дознаа штрајкувачите. Голема маса демонстранти, кон која се приклучија и чаршиски работници, се упати низ прилепските улици кон зградата на Околиското началство скандирајќи „Белиќ! Белиќ!",[150] со цел да изнуди ослободување на пристигнатиот делегат.[151]

---

136 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 79.

137 Ibidem.

138 Татко му се јавил и рекол дека докторот не е тука (исказ на Мице Солески снимен на 26.I 1988). Според усното кажување на Весела Николоска (Китаноска), таа ги информирала дека докторот се криел дома. Меѓутоа, според Дабовски, криењето на Шајкаревиќа го обелоденила неговата сопруга, Французинка.

139 A Korubinovski, idem, 250, 251. Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп.

140 Според сеќавањето на современиците.

141 Cf. A. Korubinovski, idem, 251.

142 А. Корубиновски, Триесет години... (реферат): М. Михајлов, idem, 6.

143 A. Korubinovski, idem, 251.

144 Ibidem.

145 Ibid.

146 Притоа, штрајкувачите го дигнале на раце. Cf. Исказ на Стеван Русески од 12.III 1969; Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп; усно сеќавање на Дабовски.

147 A. Korubinovski, idem, 250.

148 Ibidem.

149 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 79. Cf. Борба у Прилепу, Радничке новине, бр. 16, Београд, 15.IV 1938.

150 Сеќавања на Д. Јованоски-Дабовски за штрајкот, од 26.III 1979, 8. Исказ на Б. Кормушоски-Чоната сниман на 17.VIII 1986, СЗБ — Прилеп; Исказ на М. Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп. Cf. Сеќавање на Стеван Стојаноски (М. Михајлов, idem, 35).

Ова скандирање не е случајно. Веројатно дошло оттаму што Штрајкувачкиот одбор побарал да дојде Белиќ, заради добриот спомен што го оставил Милорад Белиќ во раните 30-ти години, кога, при својот престој во Прилеп, преговарал со тогашниот шеф на Тутунската станица Кирило Поповиќ за подобрување на работничкиот стандард.[152] Ова негово недоаѓање најмногу се должи на подготовките за престојниот IV Конгрес на УРССЈ во Загреб.[153] Останува отворено прашањето дали Штрајкувачкиот одбор знаел точно кој делегат пристигнал. Ако пак знаел, тогаш скандирањето за Белиќ било поврзано за високото котирање на Белиќ во раководството на УРСС-овите синдикати на Југославија,[154] што секако не ѝ било непознато и на прилепската власт. Со тоа се целело да ѝ се стави на знаење дека зад штрајкувачите стои самиот врв на југословенските УРСС-ови синдикати.

Сето ова го принудило Околиското началство брзо да реагира. По краткото сослушување Мустафа Турк бил реекспедиран.[155] Така неславно заврши мисијата на првиот делегат на Сојузот на монополските тутунски работници на Југославија.

Сето ова доведе до нови судири со полицијата, при што уследија нови апсења.[156]

Штрајкувачкиот одбор, охрабрен од пристигнатата материјална помош,[157] побрза да ја извести Централата на Сојузот на монополските работници на Југославија за новонастанатата ситуација и побара испраќање на нов делегат.[158]

Во меѓувреме, власта, заплашена од размерите на штрајкот, посериозно се впушти со брутална сила да го задуши него во корен. Покрупен чекор во тој правец направи со затворањето и блокирањето на просториите на ММО на УРСС-овите синдикати,[159] со што Штрајкувачкиот одбор ја загуби својата легална база за координирање на штрајкот.

Во овој мошне бурен втор ден од штрајкот дојде, под притисок на јавното мнение, и до средба на монополските мајстори во Градскиот парк („Брдо“, „Кермез“) за заземање дефинитивен став по прашањето на штрајкот.[160] Отпорот на конзервативните мајстори да се солидаризираат со своите работници доведе до усвојувањето на предлогот на мајсторот Дано Василески за фрлање коцка. Меѓу-

---

151 Ibidem.

152 Исказ на Д. Боцески од 11.IV 1969, 4—5. Интересно е што, според Д. Боцески, во 1933 година престојувал во Прилеп и Живко Топаловиќ, при што жена му Милица одржала говор. Еве како Ордан Костоски-Дебеломесо имал можност и лично да се запознае со своите социјалдемократски идоли.

153 Cf. ф. 10.

154 Подоцна, М. Белиќ ќе стане и претседател на УРССЈ. Cf. Josip Cazi, op. cit., 374.

155 Cf. Борба у Прилепу, Радничке новине, бр. 16, Београд, 15.IV 1938.

156 A. Korubinovski, idem, 250.

157 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 79.

158 Cf. М. Михајлов, idem, 27, (6).

159 „Тој ден полицијата го затвори и запечати Синдикалниот дом и постави група жандари пред влезот" (А. Корубиновски, Триесет години..., реферат; М. Михајлов, idem, 5).

160 Исказ на Д. Боцески од 11.IV 1969.

тоа, коцката им беше наклонета на конзервативците, кои и без тоа беа штрајкбрехери (Ѓоре Арапче, Иса и Рамиз Дебрешковци, Круме Варошлија, Сотир Црцор, Рампо Џимпирот и др.).[161] Прогресивните мајстори, како Василе Павловски-Џгуре,[162] Димче Боцески[163] и др., почувствуваа дека се наивно надиграни.[164] Тие си го задржаа своето убедување за солидарност со штрајкувачите.[165]

Веднаш по започнувањето на штрајкот, останатите две УРСС-ови синдикални подружници, постарата на шивачките[166] и помладата на дрводелските работници, раководена од Борко Темелкоски,[167] застанаа на страната на најстарата, матичната монополска подружница.[168] Нивната сестрана морална и материјална поддршка мошне ги осоколи нивните монополски другари.

Одборот за собирање парична помош стартуваше вториот ден од штрајкот. Покрај материјалната помош од Сојузот на монополските тутунски работници на Југославија и од споменатите прилепски УРСС-ови подружници, во касата на Одборот дотекоа парични средства од прилепските граѓани (трговци, занаетчии, тутунопроизводители),[169] што му овозможи на Одборот на третиот ден од штрајкот да почне со доделување по 100 динари парична помош на посиромашните штрајкувачи.[170] Тоа, несомнено, силно го поткрена моралот на штрајкувачите.[171]

И третиот ден беше исполнет со акции на групи штрајкувачи што демонстрираа низ прилепската чаршија, кај Околиското началство и затворот. Под притисок на демонстрантите беа ослободени и новопритворените штрајкувачи.[172] Притоа дојде до поситни судири со полицијата.[173] Интересно е што меѓу демонстрантите се најде и Методија Андонов-Ченто.[174] Нему таа актива, евидентно, му донесе политички поени за поддршка на неговата кандидатура во наредните декемвриски парламентарни избори (1938).[175]

Драматичноста кулминираше четвртиот ден од штрајкот. Сосема блиску беше можноста за масовно крвопролевање. Повод за размавнување на страстите даде полициското реекспедирање и на

---

161 Ibidem. Си фрлале „рол-решка".

162 „Негде во 1934 година како агитатор и активиста на социјализмот се истакна и Василе Павлоски-Џгуре" (Јордан Тодороски-Шемко, Тризла Маало во НОВ, зб. Прилеп и Прилепско во НОВ 1941, Скопје, 1976, стр. 346).

163 Како мајстор Д. Боцески, меѓу другите, ги примил на работа во Монополот: Борка Левата, Аспарух Корубин, Киро Бајрамче. (Исказ на Димче Боцески од 11.IV 1969).

164 Ibidem.

165 Ibid.

166 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 80—81.

167 Ibidem, 82.

168 Cf. Б. Талески — К. Солунски, op. cit., 29; М. Михајлов, idem, 4 (сеќавање на Б. Груески).

169 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 79.

170 Ibidem. Интересно е што и Ордан Дебеломесо примил таква помош. „Јас лично бев задолжен на Ордана Дебеломесо да му ја однесам помошта дома" — се сеќава Стеван Русески (исказ од 12.III 1969).

171 Според сеќавањето на современиците.

172 Ibidem.

173 Ibid.

174 Киро Пунтески, На штрајкувачите... (ракопис), 3.

175 Cf. Б. Талески — К. Солунски, op. cit., 42, 44.

вториот делегат на Сојузот на монополските работници на Југославија[176] Драгослав (Дача) Станишиќ.[177] Поради тоа беа организирани масовни демонстрации пред зградата на Околиското началство. Меѓутоа, овојпат изостана вообичаеното тактизирање на власта. Околискиот началник лично излезе пред демонстрантите со револвер в рака, заповедувајќи ѝ на полицијата и жандармеријата да се впуштат во отворена пресметка со демонстрантите.[178] Притоа, жандарите и полицајците со пендреци и кундаци се нафрлија врз голораките демонстранти.[179] Во полчасовната нерамноправна борба демонстрантите дадоа силен отпор.[180] Посебна храброст покажаа жените. Така, на пример, според Аспарух Корубин, работничката Зора Талева храбро се нафрли врз околискиот началник, а Паца Јјопа му ја одзеде и фрли сабјата на еден полицаец и сл.[181] Не помалку храбри беа и демонстрантите — мажи. Дојде до туркање на жандарите в река, до одземање на пушките, ослободување на фатените другари и сл.[182] Меѓутоа, употребата на груба сила, како и можноста од огнена стрелба, ги присили штрајкувачите да се повлечат. Оттаму, наредните три дена на штрајкот ги карактеризира конспиративен, тивок отпор.[183] За тоа придонесе и апсењето на некои синдикални раководители, кои овојпат беа задржани в затвор подолго време.[184]

Првата половина на април 1938 година беше студена и влажна. Во деновите на штрајкот падна и снег.[185] Всушност, времето им

---

176 Борба у Прилепу, Радничке новине, бр. 16. Београд, 15.IV 1938. Според монографијата Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 79, делегатот бил симнат од возот на станицата Мажучиште и вратен назад. Меѓутоа, Тале Георгиески, тогашен работнички повереник за контакти со Управата на Тутунската станица тврди дека тој, преку Страшо Киприноски, стапил во контакт со делегатот Драгослав Станишиќ, кој бил испратен од Работничката комора во Скопје. На инсистирање на С. Киприноски, Тале го запознал Ордана Дебеломесо и побарал негово овластување да преговараат двајцата (т.е. Тале и Д. Станишиќ) со Управата на Монополот. Ордан забранил да се преговара. Сепак. Т. Георгиески и Д. Станишиќ, според Т. Георгиески, се сретнале со Б. Коковиќ, при што побарале да се покачат надниците и тоа, за 4 динари на постарите работници и за 2 на помладите работници, за да се оконча штрајкот. Коковиќ истакнал дека ќе преговара дури кога ќе пристигне инспекторот Леонид. „После оваа посета дојдениот делегат од Комората се изгуби" — истакнува Тале Георгиески (исказ на Т. Георгиески од 20.VI 1969, 2—3, ракопис кај Д. Ј. Дабовски). А каде е овде Штрајкачкиот одбор, кој фактички го повикал и вториот делегат?! Не само што нема потврда за една ваква верзија, туку и објективно таа не е можна.

177 Борба у Прилепу. Радничке новине, бр. 16. Београд, 15.IV 1938. Cf. Исказ на Тале Георгиески од 20.VI 1969, 2.

178 A. Korubinovski, idem. 251.

179 А. Корубин, Штрајк . . ., в. Трудбеник, 1.V 1959, 6.

180 A. Korubinovski, idem, 251.

181 А. Корубин, Штрајк . . ., Трудбеник, 6. Cf. Вера Весковиќ-Вангели, Жената во Револуцијата на Македонија (1941—45), Скопје, 1982, стр. 27.

182 Ibid. Тоа го потврдуваат сеќавањата на современиците.

183 А. Корубин, Штрајк . . ., Трудбеник, 6.

184 Ibidem.

185 Исказ на Б. Коковиќ од 20.VIII 1976 (Нишка бања), ракопис. Исказ на Д. Јованоски-Дабовски снимен на 21.VIII 1986, СЗБ — Прилеп. Cf. Исказ на Мице Солески снимен на 26.I 1988, СЗБ — Прилеп. За снегови во април известува и банот Марко Новаковиќ. Види: Г-ну д-ру М Стојадиновићу . . ., Краљевска банска управа Вардарске бановине, Пов. Каб. бр. службено, Скопље, 4 маја 1938.

беше наклонето на штрајкувачите. Поради зголемената влажност се јави сериозна опасност тутунот од минатата реколта да се расипе и пропадне.[186] Од друга страна, отсуството на квалитетна работна сила ја доведе Управата на Прилепскиот монопол во ќорсокак. Затоа, таа веднаш ги алармира Централата на државните монополи во Белград и Инспекторатот во Скопје.[187] Оттаму доби одврзани раце да ангажира работна сила од околните села, градови (на пр. велешани), па дури и од Србија.[188] Меѓутоа, таа сила беше малубројна, а згора на сето тоа и неверзирана во ферементацијата на тутунот, а со тоа и неквалитетна.[189] Затоа, Управата на Прилепскиот монопол мораше да покаже поголема флексибилност спрема барањата на штрајкувачите.[190]

Од друга страна, работата на Штрајкувачкиот одбор беше блокирана. Употребата на брутална сила од страна на власта против штрајкувачите, апсењата на некои видни синдикални водачи, успешната изолација од Централата на УРССЈ-овите синдикати, како и недоволното искуство на синдикалното раководство, доведоа до јавување на првите сомнежи во натамошната ефективност на штрајкот и до спласнување на првичниот ентузијазам. Единствената светла точка олицетворена во евидентната сплотеност на прилепската чаршија, на широките прилепски слоеви[191] со штрајкувачите, бездруго, не беше доволна да ги избрка тешките мисли. Сето тоа неминовно водеше кон прекин на штрајкот.

Оттаму, по седмодневно траење, откако беше навестено прифаќање на работничките барања од страна на Монополот, дојде до завршување на штрајкот на тутунските монополски работници.[192]

Останува отворено прашањето: дали штрајкот на монополските работници е програмиран од Месниот комитет на КПЈ?[193] Малку е веројатно. Познато е дека Месниот комитет на КПЈ е заслабен по провалата од 1937 година и затворањето на Мице Козар, Киро Ѕале, Ѓорѓи Лопиќиќ, Методија Тенекеџија, Миле Стариот, Тодорка Оровчанец.[194] На чело на Месниот к-т на КПЈ сè уште е Киро Петрески-Димуш.[195] Од друга страна, до штрајкот, во синдикалната сфера, посебно во Месниот меѓуструков одбор на УРСС-овите синдикати,

---

186 Ibidem.

187 Cf. Исказ на Б. Коковиќ од 20.VIII 1976.

188 Ibidem.

189 Ibid.

190 Ibid.

191 Cf. Јаким Синадиноски, Револуционерната мисла на Кузман Јосифоски Питу, Скопје, 1982, стр. 13.

192 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 79—80.

193 Оттаму, дискутабилна е и констатацијата: „Со Месниот комитет беше договорено штрајкот да го раководи синдикалната подружница на монополските работници" (Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 77). На таа линија е и гледиштето на Стеван Русески дека, непосредно пред штрајкот, бил одржан проширен состанок на монополската УРСС-ова подружница на кој присуствувале и членови на ММО и МК на КПЈ (исказ на Стеван Русески од 12.III 1969).

194 Коце Солунски, Кузман, II издание, Скопје, 1979, стр. 42.

195 Ibidem, 50.

сè уште е присутно влијанието на Ордан Костоски-Дебеломесо.[196] Неговиот каков-таков авторитет се базира врз повеќегодишното присуство во работничкото движење.[197] Тој е продорна егоцентрична фигура[198] — свртена кон обезбедување на сопствен примат, како во КПЈ,[199] така и во ВМРО (Обединета)[200] или во синдикатите.[201] Во ова доба неговите погледи еволуираа до социјалдемократските сфаќања на УРССЈ-овото раководство (Павиќевиќ-Белиќ-Топаловиќ). Согласно со таквите сфаќања, тој се експонира како огорчен противник на мешањето на КПЈ во синдикалната сфера.[202] Во бројните диспути со него и неговата група се градеше и калеше новата генерација прилепски симпатизери и членови на КПЈ и СКОЈ.[203] Оттаму, сосем е нормално да се очекува негово остро реагирање на директното мешање на МК на КПЈ, особено по прашањето за дигање на штрајк.[204] Меѓутоа, такво нешто не е познато. Всушност, и самиот Дебеломесо се најде пред свршен чин.[205] Освен ова, некои главни актери на штрајкот, како, на пример, Борка Левата,[206] Боше Груески[207] и др. сè уште не беа членови на КПЈ.

Сосем е друго прашањето за силното индиректно влијание[208] на МК на КПЈ во овој период при создавањето на револуционерна

---

196 „До пролетта 1938 година во ММО доминантно влијание имаа социјалдемократите на чело со Ордан Костоски Дебеломесо, кој беше претседател на Одборот и како таков успеа да обезбеди повеќегодишна раководна улога и во синдикалната подружница на монополските работници" (Орде Иваноски, Работничкото движење во Прилеп 1940—41 г., зб. Прилеп и Прилепско во НОВ 1941, Скопје, 1976, стр. 204). „Тој водеше и определена борба против влијанието на комунистите во Синдикатот" — истакнува Борко Темелкоски (стенографски белешки, 29). Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 1972.

197 Ibidem.

198 Уште пред штрајкот, Борка Левата, според Боше Груески, му рекол: „Чичко Ордане, штета што те крстиле Дебеломесо, би било правилно Дебелаглава да те крстеле" (М. Михајлов, idem, 4).

199 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 49, 61, 62.

200 Тодор Зографски — Димче Зографски, КПЈ и ВМРО(Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920—1930 г., Скопје, 1974, стр. 67, 147, 233, 244. Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 50.

201 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 1972.

202 „Преку Дебеломесо не можевме да работиме" — истакнува Мице Димески (стенографски белешки, 1956, III л., 214). Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, стр. 83.

203 „Среќа е што групата на Дебеломесо беше активна... Така се изградуваше Партијата во Прилеп, токму и во борбата против Дебеломесо" (дискусија на Аспарух Корубиноски, Стенографски белешки, 1956, 74).

204 Уште повеќе што Дебеломесо бил противник на секакви јавни демонстрации и штрајкови. Cf. Дискусија на А. Корубиноски, Стенографски белешки, 1956, стр. 74.

205 Револуционерната клима го затекна Дебеломесо просто неподготвен. Се најде во безизлезна ситуација. Мораше да го прифати штрајкот, бидејќи евентуална опструкција од негова страна ќе значеше дефинитивно уривање на неговиот и онака разнишан авторитет, коешто ќе беше равносилно на политичко самоубиство.

206 Дискусија на Перо Тиквар, Стенографски белешки, 1956, стр. 60.

207 „Не смеев да бидам член на Партијата, бидејќи ќе го изгубев местото во Синдикатот" — тврди Боше Груески (М. Михајлов, idem, 5).

208 „Партијата дејствуваше незванично. Сите ние бевме нејзини симпатизери, но не смееше да се појави овде КП како фактор на оваа организација. Дејствуваше индиректно, а ние одевме по планот нејзин" — се сеќава Стеван Печијаре (М. Михајлов, idem, 18). „Партијата тогаш заседе озбилен став, го поддржа штрајкот" — се сеќава Благоја Јаничот (М. Михајлов, idem, 38—39).

клима, па и штрајкувачка атмосфера во Монополот,[209] како и насекаде во градот. Преку членовите на СКОЈ и малубројните членови на КПЈ, кои беа инфилтрирани во УРСС-овите синдикални редови, па и во синдикалното раководство (на пример, Ордан Димески-Мустаќот),[210] КПЈ силно ги револуционираше класните УРСС-ови синдикати, регрутирајќи, пред сè, од нивните редови нови членови на КПЈ и СКОЈ.[211]

Штрајкот на монополските тутунски работници од април 1938 година го означи почетокот на крајот на Ордан Дебеломесо и неговата група. МК на КПЈ успешно ќе го неутрализира, поточно минимизира влијанието на Дебеломесо дури по завршувањето на штрајкот, со инкорпорирање на нови личности во ММО и во УРСС-овата монополска подружница.[212] Оттогаш натаму МК ќе има целосна контрола над Монополската УРСС-ова подружница и над ММО.[213] За тоа, меѓу другото, сведочи и фактот, што, по штрајкот, ќе биде формирана и првата партиска ќелија во Монополот.[214] Целосното расчистување на МК на КПЈ со Дебеломесо во синдикалната сфера, всушност, коинцидира со разидувањето и раскинувањето на КПЈ со УРССЈ-овото социјалдемократско раководство.[215]

Во штрајкот на монополските работници од април 1938 година блесна личноста на Борка Велески-Левата. Тој се здоби со широка популарност сред монополскиот пролетаријат, како и воопшто, во прилепската средина.[216] Во штрајкот, меѓу бројните знајни и незнајни борци за работнички права, учествуваа и: Аспарух Корубин, Боше Груески, Ордан Димески-Мустаќот, Стеван Стојаноски-Роскопот, Благоја Јаничот, Киро Тошески-Папалот, Димче Јованоски-Дабовски, Мице Солески, Коце Солунски, Стеван Русески-Стив, Благоја Петрески-Бајганот, Стеван Печијаре, Петар Маџароски, Цане Симоноски, Тале Георгиески, Киро Бајрамче, Миле Тошески, Киро Талески, Спасе Стевановски, Гоцан, Димо Думбалот, Благоја Кормушоски-Чоната, Киро Туте, Цане Љутвин, Страхил Киприновски, Тоде Дупјачанец-Ѓулпида, Борка Лопачот, Дончо Темелкоски, Гиго Менкароски, Тоде Ношпал, Орде Чопела, Илија Андреевски-Кагин, Василе

---

209 „Ќе дојде ден кога ќе Ве викне УРСС-от, не Партијата. УРСС-от ќе Ве повика на штрајк" — се сеќава Благоја Петрески-Бајганот за тогашниот став на КП по ова прашање (М. Михајлов, idem, 11). Според сеќавањата на современиците.

210 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 49.

211 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 1972.

212 Cf. Прилеп и Прилепско, кн. 2, 1972, 83.

213 „До пролетта 1938 година составот на ММО беше 6:3 во корист на социјалдемократите. Но односот се измени по штрајкот на монополските работници, кога беше извршено обновување на раководството на ММО" (Б. Талески — К. Солунски, op. cit., 37).

214 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 80.

215 Милорад Белиќ како претседател на УРССЈ значително ќе придонесе за расцепот меѓу социјалдемократското раководство и напредното прокомунистичко членство на револуционерните југословенски класни УРСС-ови синдикати. Во текот на Револуцијата, Милорад Белиќ ќе се најде од другата страна на барикадата и ќе влезе, заедно со Живко Топаловиќ, во орбитата на Дража Михајловиќ. Види: Јосип Броз Тито, Собрани дела, Скопје, 1978, т. 4, стр. 415, 455.

216 Според сеќавањата на современиците. Cf. М. Михајлов, idem, 11, 12.

Павловски-Џгуре, Димче Боцески, Ристе Туте, Киро Стефаноски-Мрзата, Димо и Гога Аскерот, Перо Калдрмџијата, Блаже Џивџанот, Зоре Николоски-Задарот, Пере Темелкоски, Киро Пунтески.[217] Меѓу жените најмногу се истакнаа: Пелагија Георгиева, Зора Талева, Паца Лјопа, Стеве Маџароска, Венда Темелкоска, Вера Циривири, Паце Народот, Маре Наумоска, Стеве Јованоска, Драгица Трајкоска, Горица Атанасоска, Цена Савоска и др.[218]

Штрајкот доведе до своевидна пресвртница во животот на Монополот. Најважната придобивка беше олицетворена во новосоздадената подемократска клима во Монополот,[219] а не беа занемарливи ни зголемените надници.[220]

Од друга страна, најважните непосредни негативни последици од штрајкот се огледаа во неколкунеделното задржување в затвор на петнаесетина синдикални активисти,[221] како и во отпуштањето од работа на околу 300 најактивни учесници на штрајкот.[222] Набргу, последнава последица беше ублажена со вработувањето на поголем дел од нив во Тутунската станица во Крушево.[223] Така, во Крушево, меѓу другите се најдоа: Борка Левата, Коце Јованоски-Солунски, Стеван Стојаноски-Роскопот, Блаже Јаничот, Димче Јованоски-Дабовски.[224] По штрајкот беше забранета дејноста на КУД „Коста Абрашевиќ.[225]

ЈУГОРАС за време на штрајкот и непосредно потоа се обиде да профитира за сметка на УРССЈ. Беше извршен притисок за затворање на УРСС-овата монополска подружница и за предавање на нејзините клучеви во рацете на ЈУГОРАС, но без успех.[226]

Овој штрајк ги воодушеви прогресивните прилепски студенти, како Кузман Јосифоски-Питу и Мирче Ацев. Така, тие побрзаа да го напуштат Белград за да се вклучат во бурните прилепски револуционерни текови.[227]

Само што заврши штрајкот на прилепските монополски работници, на 14 април 1938 година пламна тродневен штрајк на велешките монополски тутунски работници.[228] Евидентно, станува збор за брзо рефлектирање на прилепскиот штрајк во велешката среди-

---

217 Според сеќавањата на современиците. Според Дабовски, учествувале уште и Методија Карабаче, Лазо Филиповски Лавски, Мице Димески (сеќавања, 26.III 1979 г.). При недостиг на документација, многу е тешко да се утврди кои сè лица учествувале во штрајкот. Мора да се тргнува со голема претпазливост, бидејќи некои, од страна на некои современици, посочени личности како учесници во штрајкот не се наоѓале тогаш во Прилеп. Оттаму се задржавме само на наведените личности за кои постојат поцврсти сведоштва дека се учесници во штрајкот.

218 Ibidem.

219 Ibid.

220 Ibid.

221 А. Корубин, Штрајк..., в. Трудбеник, 1 мај 1959, 6.

222 А. Корубин, idem, 6.

223 Ibidem.

224 Сеќавања на Дабовски за штрајкот, 6.III 1979, 9 (ракопис).

225 Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 84.

226 Според А. Корубин, бил вршен притисок, по завршувањето на штрајкот, врз Спасе Стеваноски (Свињата). Види: Исказ на А. Корубиноски, 14.III 1969.

227 К. Солунски, Кузман, II изд., Скопје, 1979, стр. 49—59.

228 Штрајкот траел од 14—16 април 1938 година. Во него учествувале околу 1.000 работници. Види: Страхил Гигов, Сеќавања, Скопје, 1973, стр 110—111.

на. Тоа несомнено говори и за цврстите врски меѓу прилепскиот и велешкиот пролетаријат, кои беа воспоставени од поодамна.[229]

Штрајкот на прилепските монополски работници од април 1938 година го трасира патот на Илинденските демонстрации од 1940 година и на штрајкот на тутунопроизводителите од 1940/41 година.[230]

Наизглед победничка, власта од штрајкот излезе поразена. Компактноста на сите слоеви на прилепското население и нивната збиеност околу работничката класа[231] сериозно ја заплаши власта. Оттаму и употребата на брутална сила за кршење на отпорот. Тоа, всушност, ѝ го урна и оној мал авторитет што власта го имаше. За разлика од неа, монополскиот пролетаријат излезе морален победник. Неговата цврстина да истрае во борбата за работничките права делуваше импресивно сред прилепската чаршија, прилепската младина, интелигенција и граѓани. Не случајно овој пролетаријат стана непресушен вруток на кадри за СКОЈ, КПЈ и Револуцијата.[232]

Штрајкот на тутунските работници во Прилепскиот монопол од април 1938 година има крупно историско значење. Тој е дело на работничката класа, поточно, на најсвесниот дел на прилепскиот монополски пролетаријат. Штрајкот, иако првенствено беше од економска природа, како што забележува и Марко Новаковиќ, бан на Вардарска бановина,[233] во себе содржеше и снажна политичка конотација.

Штрајкот укажа на зрелоста и монолитноста на прилепската работничка класа, на нејзината способност да го понесе грандиозниот товар на Револуцијата што доаѓаше. Во тоа, бездруго, се огледа неговата голема историска димензија.

*DIMITAR DIMESKI*

## THE 1938 PRILEP TOBACCO WAREHOUSE WORKERS' STRIKE

Summary

The April 1938 strike of the tobacco workers in the Prilep warehouse was of great historic significance. It ranks among the more important Yugoslav workers' strikes on the threshold of the Second World War. It was the work of the working class, or, to be more precise, of the most aware section of the proletariat in the Prilep tobacco warehouse. Although it was primarily of economic importance, the strike had weighty political connotations.

This strike demonstrated both the maturity and the monolithic nature of the working class in Prilep and its readiness to shoulder the great burden of the forthcoming revolution. In this can be seen, without a doubt, its imposing historical dimension.

229 Cf. М. Михајлов, idem, 18—19.

230 Cf. Прилеп и Прилепско низ историјата, кн. 2, 88—90, 133.

231 Cf. ф. 191.

232 Според сеќавањата на современиците. Cf. Сеќавање на Стеван Стојаноски (М. Михајлов, idem, 37—38).

233 Г-ну д-ру Милану Стојадиновићу . . ., Краљевска банска управа Варске бановине, Пов. Каб. бр. Службено, Скопље, 4 мај 1938 г. Архив Југославије, Београд, фонд: Милан Стојановић.